**УСТАНОВА „ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ“ СКОПЈЕ**

**НАЗИВ НА ПРОЕКТОТ: ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДДРШКА ЗА ТРИ ГОДИНИ**

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01 НОЕМВРИ 2021 - 12 ДЕКЕМВРИ 2022**

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ**

Скопје, Јуни 2023

**ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ**

**Имплементатор на проектот:**

Установа „Центар За Современи Уметности“ Скопје

**Раководство на проектот:**

Анита Ивковиќ

**Регистрирано седиште на имплементаторот на проектот**

Бул. Гоце Делчев бр.11 ДТЦ Мавровка лам/А, кат 1/10 Скопје

**Проект**

| | |
|---|---|
| Назив на проектот: | Институционална поддршка за три години |
| Времетрање: | 36 месеци (01.11.2019-31.10.2022) |
| Грантист: | Фондација Отворено општество - Македонија |
| Имплементатор: | Установа Центар за современи уметности Скопје |

Ревизори:

Рафајловски Ревизија ДОО - Скопје
Ул. Орце Николов бр.190
1000 Скопје
Република Северна Македонија

# СОДРЖИНА

| | Страна |
|---|---|
| Финансиски извештаи за периодот од 01.11.2021 - 02.12.2022 година | |
| Извештај на независните ревизори | 3-4 |
| Финансиски извештаи | |
| Извештај за изворите на средства и нивното трошење | 5 |
| Извештај за трошоците | 6-7 |
| Белешки кон проектните финансиски извештаи | 8-9 |

РАФАЈЛОВСКИ ревизија
Членка на HLB International
ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје +389 2/3088-900 e -mail: info@rafajlovski.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ПОДГОТВЕНИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ДОГОВОРОТ ЗА ДОНАЦИЈА ДО „УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ - СКОПЈЕ“**

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на проектот „Институционална поддршка за три месеци“ имплементиран од Установа Центар за современи уметности - Скопје (во продолжение: ЦСУ), кои ги опфаќаат Извештајот за изворите на средствата и нивното трошење и Извештајот за трошоците, за периодот од 01 Ноември 2021 година до 02 Декември 2022 година, преглед на значајните сметководствени политики и објаснувачки информации. Финансиските извештаи се подготвени од раководството на ЦСУ врз основа на принципите на финансиско известување од Договорот за донација број 0000010493 од 05 Ноември 2019 година.

***Одговорност на раководството за финансиските извештаи подготвени за посебна намена***

Раководството на ЦСУ е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со одредбите за финансиското известување од Договорот за грант склучен со Договорниот орган, како и за интерните контроли кои се релевантни за подготвувањето и објективното презентирање, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Политиката на ЦСУ е да ги подготвува овие финасиски извештаи согласно сметководственото начело на готовинска основа. На оваа основа приходите се признаваат кога ќе се примат, а не кога ќе се заработат а трошоците се признаваат кога ќе се платат а не кога ќе настанат.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на проектот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

РАФАЈЛОВСКИ ревизија

Членка на HLB International

ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје +389 2/3088-900 e -mail: info@rafajlovski.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ПОДГОТВЕНИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ДОГОВОРОТ ЗА ДОНАЦИЈА ДО „УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ - СКОПЈЕ“**

***Мислење***

Според нашето мислење, приложените проектни финансиски извештаи на Установа ЦСУ - Скопје подготвени за периодот од 01 Ноември 2021 - 02 Декември 2022 година се изготвени во сите материјални аспекти во согласност со одредбите предвидени во договорот за донација, како и во согласност со сметководствените политики како што тие се изнесени во Белешката 2.

***Ограничување на доставување и користење***

Овој извештај е наменет исклучиво за информирање и користење на раководството на ЦСУ и Донаторот за целта наведена во договорот склучен меѓу нив и не треба да се дистрибуира до други страни без претходна писмена согласност. Извештајот не е подготвен за употреба од друи страни и може да биде несоодветен за таква употреба.

Скопје, 27 Јуни 2023 година

Овластен ревизор
Јасмина Рафајловска

Друштво за ревизија РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО СКОПЈЕ

Директор
Јасмина Рафајловска

**УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ - Скопје**

Проект: Институционална поддршка за три години

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВАТА И НИВНОТО ТРОШЕЊЕ
## за периодот 01.11.2021 - 02.12.2022 (во УСД)

| | 01.11.2021-02.12.2022 |
|---|---:|
| **Извори на фондови - примања** | |
| Трансфер од Договорниот орган во известувачкиот период | - |
| **Вкупно примања** | **-** |
| **Исплати** | |
| **1. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | |
| 1.1 Плати и надоместоци | 23.880,00 |
| **Вкупно за 1** | **23.879,94** |
| **2. ХОНОРАРИ ЗА НАДВОРЕШНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ УСЛУГИ** | |
| 2.1 Сметководствени услуги | 1.087,18 |
| 2.2 Хонорари за уметници/архитекти за реализација на Креативни акции | 893,28 |
| 2.3 Надворешна ревизија | 2050,63 |
| 2.4 Активности на план за развој на капацитетот на организацијата | 296,73 |
| **Вкупно за 2** | **4.327,82** |
| **3. КОНФЕРЕНЦИИ И СЕМИНАРИ** | |
| 3.1 Локални иницијативи | 657,71 |
| 3.2 Креативни & уметнички акции | 607,59 |
| 3.3 Работилници за градење на капацитети | 269,85 |
| **Вкупно за 3** | **1.535,15** |
| **4. ОПРЕМА, МЕБЕЛ И ДРУГИ** | |
| 4.1 Компјутери | 1.206,12 |
| 4.2 Друга опрема | 10,86 |
| **Вкупно за 4** | **1.216,98** |
| **5. КАНЦЕЛАРИСКИ НАБАВКИ** | |
| 5.1 Канцелариски материјали | 343,14 |
| 5.2 Банкова провизија | 128,13 |
| **Вкупно за 5** | **471,27** |
| **6. КОМУНИКАЦИИ** | |
| 6.1 ПТТ услуги | 658,95 |
| 6.2 Одржување на веб страна | 766,65 |
| **Вкупно за 6** | **1.425,60** |
| **7. НАЕМ И РЕЖИСКИ ТРОШОЦИ** | |
| 7.1 Наемнини | 2.279,08 |
| **Вкупно за 7** | **2.279,08** |
| **8. ДРУГО** | |
| 8.1 Трошоци за локална иницијатива | 1.974,15 |
| 8.2 Трошоци за уметнички акции | 1.756,75 |
| **Вкупно за 8** | **3.730,90** |
| **ВКУПНО (1+2+3+4+5+6+7+8)** | **38.866,74** |
| **Вишок на приливи над исплати** | **-38.866,74** |

Директор

Анита Ивковиќ

**УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ - Скопје**

Проект: Институционална поддршка за три години

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗДАТОЦИТЕ
## 01.11.2021 - 02.12.2022
## (во УСД)

| | **Претходно реализирани средства до 31 Октомври 2021** | **Реализирани од 01 Ноември 2021 до 02 Декември 2022** | **Буџетирани од 01 Ноември 2019 до 31 Октомври 2022** | **% на искористеност на буџетот** | **Неискористен дел од буџетот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | | |
| 1.1 Плати и надоместоци | 23.880,00 | 11.940,00 | 35.820,00 | | 0,00 |
| 1.2 Плати и надоместоци | 23.880,00 | 11.940,00 | 35.820,00 | | 0,00 |
| **Вкупно за 1** | **47.760,05** | **23.880,00** | **71.640,00** | **100,00 %** | **0,00** |
| **2. ХОНОРАРИ ЗА НАДВОРЕШНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ УСЛУГИ** | | | | | |
| 2.1 Сметководствени услуги | 2.304,57 | 1.087,18 | 3.240,00 | | -151,75 |
| 2.2 Надворешна ревизија | 1.819,96 | 2.050,63 | 3.900,00 | | 29,41 |
| 2.3 Активности на план за развој на капацитетот на организацијата | - | 296,73 | 1.500,00 | | 1.203,27 |
| 2.4 Хонорари за уметници/архитекти за реализација на Креативни акции | 1.229,65 | 893,28 | 3.600,00 | | 1.477,07 |
| 2.5 Хонорари за предавачи на работилница за градење капацитети | - | - | 900,00 | | 900,00 |
| **Вкупно за 2** | **5.354,18** | **4.327,82** | **13.140,00** | **73,6834 %** | **3.458,00** |
| **3. КОНФЕРЕНЦИИ И СЕМИНАРИ** | | | | | |
| 3.1 Локални иницијативи | 1.949,14 | 657,71 | 4.560,00 | | 1.953,15 |
| 3.2 Креативни и уметнички акции | 371,74 | 607,59 | 4.560,00 | | 3.580,67 |
| 3.3 Работнилници за градење на капацитетите | 170,65 | 269,85 | 2.360,00 | | 1.919,50 |
| 3.4 Состанок за размена на искуства | - | - | 1.470,00 | | 1.470,00 |
| **Вкупно за 3** | **2.491,53** | **1.535,15** | **12.950,00** | **31,0940 %** | **8.923,32** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4. ОПРЕМА** | | | | | | | | |
| 4.1 Компјутерска опрема | - | | 1.216,98 | | 1.150,00 | | | -66,98 |
| **Вкупно за 4** | **-** | | **1.216,98** | | **1.150,00** | | **100,0000 %** | **-66,98** |
| **5. КАНЦЕЛАРИСКИ НАБАВКИ** | | | | | | | | |
| 4.1 Канцелариски материјали | 187,64 | | 343,14 | | 1.260,00 | | | 729,22 |
| 4.2 Банкова провизија | 241,99 | | 128,13 | | 1.116,00 | | | 745,88 |
| **Вкупно за 5** | **429,63** | | **471,27** | | **2.376,00** | | **29,0463 %** | **1.475,10** |
| **6. КОМУНИКАЦИИ** | | | | | | | | |
| 5.1 ПТТ Услгуи | 1.507,31 | | 658,95 | | 2.160,00 | | | -6,26 |
| 5.2 Одржување на веб страна | 937,60 | | 766,65 | | 1.980,00 | | | 275,75 |
| **Вкупно за 6** | **2.444,91** | | **1.425,60** | | **4.140,00** | | **93,4906 %** | **269,49** |
| **7. НАЕМНИНА И РЕЖИСКИ ТРОШОЦИ** | | | | | | | | |
| 7.1 Изнајмување на канцеларија и режиски трошоци | 4.288,61 | | 2.279,08 | | 6.804,00 | | | 236,31 |
| **Вкупно за 7** | **4.288,61** | | **2.279,08** | | **6.804,00** | | **96,5269 %** | **236,31** |
| **8. ДРУГО** | | | | | | | | |
| 8.1 Трошоци за локална иницијатива | 9.081,30 | | 1.974,15 | | 18.000,00 | | | 6.944,55 |
| 8.2 Трошоци за уметнички акции | 2.891,28 | | 1.756,75 | | 19.800,00 | | | 15.151,97 |
| **Вкупно за 8** | **11.972,58** | | **3.730,90** | | **37.800,00** | | **41,5436 %** | **22.096,52** |
| **ВКУПНО (1+2+3+4+5+6+7+8)** | | | | | | | | |
| | **74.741,49** | | **38.866,80** | | **150.000,00** | | | **36.391,71** |

Директор

Анита Ивковиќ

## 1. ОПШТА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРОЕКТОТ

Установата Центар за современи уметности Скопје е доброволна, непрофитна, невладина, непартиска установа која работи на важноста на ставање акцент на посветеноста на заедницата преку зајакнување на граѓанскиот сектор за ефикасно разбирање и работење во отворено и пријателско опкружување. ЦСУ им овозможува на мнозинството заедници, особено на оние помалите кои имаат проблем за презентирање на своите вредности , потенцијали, иформации и прашања, истите да ги презентираат до нивните избрани претставници, бизнис заедницата и поширокаta јавност. Исто така ЦСУ овзможува развој на иницијативи во заедницата, јакнење на капацитетите и поубави јавни простори, со цел да се подигне свеста за локалните проблеми и да се изврши притисок врз нсоителите на одлуки да ги решат овие проблем со урбаната уметничка акција . ЦСУ овозможува креирање предуслови за слободата на уметничкото и културно изразување, анимација на културниот живот, поддршка на независната културна продукција, надминување на етничките и културните предрасуди, децентрализација на културата пропратена со инклузија на заедниците во општеството и давање активен придонес кон севкупниот развој на културниот и општествениот живот во Северна Македонија и регионот.

На 05 Ноември 2019 година ЦСУ и Фондација отворено општество - Македонија, во својство на договорен орган, склучија договор за донација во вкупен износ од 150.000,00 УСД. Донацијата се обезбедува за Институционална поддршка на на ЦСУ.

Поради непотрошени средства од буџетските линии ЦСУ има побарано и му е одобрено продолжување на проектот заклучно со 30 јуни 2023 година.

Приложените финансиски извештаи на Проектот се однесуваат на третата година од имплементација на проектот односно за периодот од 1 Ноември 2021 година до 02 Декември 2022 година, каде што ЦСУ е одговорно за планирањето, спроведувањето, следењето и известувањето за Проектните сметки. Вкупниот буџет на Проектот изнесува 150.000,00 УСД.

## 2. ОСНОВА ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ НА ПРОЕКТОТ

### 2.1 Општо

Придружните финансиски извештаи на Проектот се подготвени за целите на известување донаторот за активностите на Проектот во врска со средствата добиени за исполнување на целите на Проектот во согласност со Договорот за грант склучен со Донаторот за поддршка на Проектот.

Финансиските извештаи на Проектот се подготвени за период од 13 месеци почнувајќи од 1 Ноември 2021 година до 02 Декември 2022 година. Овие финансиски извештаи ги вклучуваат приливите и трошоците поврзани со проектот, настанати во третата година од имплементацијата на Проектот.

### 2.2 Основа за подготовка и презентација на финансиските извештаи

Политиката на Установа ЦСУ е да ги подготвува финасиските извептаи на готовинска основа. На таа основа, приходите се признаваат кога се примени, а не кога се заработени, а трошоците се признаваат кога се платени, а не кога настанале.

Вкупните издатоци за проектот во набљудуваниот период изнесуваат **38.866,80** УСД.

## 3. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

По датумот на известувањето нема настани кои би предизвикале корекција на финансиските извештаи, ниту пак настани кои се материјално значајни за објавување во овие финансиски извештаи.